та во духот на општочовечката еманципација, неминовно се наметна и предизвика мошне интересна дебата, од која произлегоа уште поинтересни сознанија. Впрочем Маркс отворено изјавил — да парафразирам — дека степенот на еманципацијата на жената е битен показател за степенот на развиеноста на едно општество.

Реч на затворањето на научниот собир „Маркс и нашата современост", одржа проф. д-р Христо Андонов-Полјански, претседател на Факултетскиот совет и на Организационот одбор на Собирот. Тој зборуваше за значењето на одржувањето еден ваков собир, посветен на еден голем јубилеј, како за нашата научна така и за нашата наставна и идејно-политичка работа. Интересот што го предизвика оваа манифестација, нејзината посетеност, како и бројот на непосредните учесници укажува на можноста и во иднина да бидат организирани уште поголеми и побогати по содржина научни собири од ваков карактер.

Професорот Полјански ја искористи оваа прилика да одбележи и еден друг значаен јубилеј, поврзан со историјата на Македонија — 40-годишнината од основањето на Комунистичката партија на Македонија и формирањето на Централниот комитет на КПМ (19 март, 1943).

На крајот проф. Полјански им се заблагодари на сите учесници на Собирот на оние коишто учествуваа во неговото организирање и на оние кои активно го следеа и творечки се вклучија во неговата работа.

Останува, да нагласиме уште еднаш, дека овој убав и широко осмислен зафат треба да биде поттик и за идни вакви настани.

Антоанела ПЕТКОВСКА

## ПЕТТА ИНТЕРКАТЕДРИСКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

На 28 и 29 октомври 1982 година се одржа Петтата интеркатедриска конференција на историчарите на Југославија. Овој пат домаќин беше Отсекот за историја на Филозофскиот факултет во Белград. На овој нивен редовен годишен собир учествуваа студентите и професорите — претставници од историските катедри на филозофските факултети од Љубљана, Белград, Задар, Нови Сад, Загреб и Скопје. Работниот дел на конференцијата започна со излагањето на студентските трудови (соопштенија и прилози) на тема „Заедништвото на територијата на Југославија од почетокот на XIX век до 1918 година". Беа поднесени следниве трудови: Марија Пандевска — Скопје, „Учеството на Македонците во Првото српско востание"; Воислав Павловиќ — Белград, „Југословенството кај Србите од 1860 до 1868"; Нада Симиќ — Нови Сад, „Идеја на солидарноста на Обединетата српска младина"; Марко Штукец — Љубљана, „Патувањето на Јосип Јурчиќ во Србија 1872 г.", „Бранко Бешлин — Нови Сад, „Светозар Милетиќ и националното прашање"; Рамиз Шабановиќ — Скопје, „Илинденското востание и југосло-

венските народи“; Иван Кордун — Загреб, „Идеологија на народњаците во Банска Хрватска и Далмација во 60-те години на XIX век“; Рајко Шариќ — Белград, „Националната идеологија на „Словенски југ“; Тања Шибли — Љубљана, „Одгласи на културниот живот во Србија во словенските ревии пред Првата светска војна“; Тихомир Зовко — Задар, „Народната странка во Далмација и Босанско-Херцеговското востание 1875—1878 г.“ и Томислав Радоњиќ — Загреб, „Програмата на Супило во 1917 година“.

Во врска со изложените прилози беше водена интересна дискусија. Секако, изложените материјали и дискусијата беа прилог кон замислената цел на конференцијата Имено, многукратна е користноста и предноста од овие средби бидејќи студентите се вклучуваат понепосредно во наставниот процес, при што дидактичката аксиома — апликацијата на здобиените знаења — доаѓа до евидентен израз како крајна цел на секој едукативен процес. Тоа значи пред сс оспособување на студентите истите да доаѓаат до определени резултати врз основа на самостојно истражување, се разбира со неопходната помош од страна на нивните наставници и асистентите. Исто така, овие наши интеркатедриски среќавања — кои постојат од 1978 година, — имаат мошне рационална и корисна тематска ориентација, која ја обработуваат студентите. А тоа е: југословенското заедништво низ вековите сè до наши дни. Последново значи дека идните млади историчари (истражувачи или наставници) ќе обрнуваат повеќе внимание на обработката на содржините поврзани со југословенското заедништо односно на воспитувањето на југословенскиот социјалистички патриотизам. Во речената смисла може со право да се констатира дека интеркатедрискиот собир на историчарите на Југославија е една од бројните форми која придонесува во осовременувањето на наставата, а особено во оспособувањето на идниот научно-истражувачки подмладок при наставно-научните студиски групи односно отсеците за историски науки при филозофските факултети во земјата. Посебно треба да се подвлече дека рефератите на студентите од претходната интеркатедриска средба се промовираат на наредната. Тоа има посебно значење од научен и педагошки аспект, зашто резултатите од нивната работа попримаат трајно вреднување, а со нивното објавување тие стануваат достапни и за оние студенти коишто не можеле да присуствуваат на средбите. Со тоа кај студентите — автори се јавува не само задоволство туку и охрабрување за да продолжат со ваква дејност... Понатаму, на овие контакти, историјата на југословенските народи и народности е застапена од сите југословенски универзитетски средини каде се студира и проучува историјата на југословенските народи и народности. Истовремено се преиспитува во колкава мера се проучува — студира историјата на сите југословенски народи и народности на споменатите групи (отсеци), се согледуваат одредени проблеми и надостатоци во чие решавање односно отстранување придонесу-

ваат и овие непосредни комуникации на историчарите кои веќе попримаат и институционален белег.

Вториот дел на конференцијата на наставниците, на која присуствуваа и студентите, беше посветен на излагањето на проф. д-р Андреј Митровиќ на тема „Историската наука на универзитетот“. Потоа беа разгледани резултатите од компаративната анализа за „Националното и југословенското од почетокот на XIX век до 1918 година во средношколските учебници по историја“ која предизвика посебен интерес и во нашата јавност преку печатот. Всушност се работи за квантитативната анализа на фреквенцијата на имињата на одделните историски личности во споменатите учебнички текстови. Анализата е работена под раководството на доцентот д-р Г. Станковиќ, м-р Д. Росандиќ асистент со студентите — соработници од Одделението за историја на Филозофскиот факултет во Белград и доцентот д-р Н. Санчиќ и студентите соработници од Отсекот за историја на Филозофскиот факултет од Загреб. Навистина станува збор за мошне важно прашање: формирањето на историска свест на југословенските средношколци и за воспитувањето на југословенскиот социјалистички патриотизам. Самите истражувачи имале за цел да сигнализираат дека сме „во школските околности далеку едни од други и колку е можно да се создаде заедничка јатка во наставата по историја во целата земја.“ Дећу другото, авторите коннстатираат дека „во последниве десет години, кај нас постои поделеност на националното и југословенското“. За нас тоа е секако корисно бидејќи ова прашање било присутно и на поранешните симпозиуми за наставата по историја во Охрид, Будва и Нови Сад. Независно од актуелноста на постојните отворени проблеми и на потребата од изработувањето на заедничките основи на наставните програми (јадрата) — на самата седница беше сериозно забележан едниот од битните недостатоци на оние кои се зафатиле со ваква анализа. Имено, за компаративната анализа не биле земени приближно еднакви учебници, и тоа работени според новите наставни програми и тоа за почетната фаза на насоченото средно образование (I и II клас), туку се земени и учебници кои се работени според старите наставни програми и тоа за гимназиите!? sic!) А заправо такви учебници се земени од Социјалистичка Република Македонија, каде историјата отпорано била застапена во сите четири класови на гимназиите. Значи за анализа биле земени учебници сосема различни по својата програмска концепција и содржина. Оттука и резултатите што се добиени не се реални. Така на пример, тие покажуваат дека Македонија е „привилегирана“, и во исто време „онеправдана“, зашто анализата покажала дека во неа најфреквентно се спомнуваат личностите од историјата на југословенските народи и народности, но истовремено дека во Македонија најповеќе простор е даден на националната историја т.е. на историјата на македонскиот народ, за разлика од другите републики и покраини. Поради изнесените причини, резултатите од анализата покажуваат и одредени апсурдности .На пример, дека во Србија не е присутен во учебниците Вук Ка-

рециќ и други знаменити личности од историјата на Србија, додека во другите републики тие личности повеќе се споменуваат! Овие и другите примери покажуваат дека анализата е поставена на несоодветни основи. Веруваме дека во II дел од анализата составувачите односно истражувачите ќе водат сметка за овој нивен погрешен старт во првиот дел...

Истиот ден домаќинот организира посета на Нови Сад, каде на Филозофскиот факултет за гостите беше организиран прием, запознавање со знаменитостите на Нови Сад, посебно Музејот на НОВ на Војводина, на низата уметнички ликовни збирки и на Петроварадинската крепост.

За наредната интеркатедриска средба, студентите заедно со своите наставници се договорија да ја обработуваат темата за „Федерализмот кај нашите народи и народности", по повод 40-годишниот јубилеј на Второто заседание на АВНОЈ, што и ова ќе претставува континуитет во следењето на југословенското заедништво во минатото.

Марија ПАНДЕВСКА
Војо КУШЕВСКИ

## ШКОЛА НА МЛАДИ МАРКСИСТИ

**(За работата на седумнаесетата сесија на Школата на млади марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски")**

Седумнаесеттата сесија на Школата на млади марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски" се одржа на Попова Шапка (Тетово) на 30 и 31 мај 1983 година. Сесијата расправаше по темата „Политиката и нејзиното поопштествување во самоуправното општество".

Воведно излагање поднесе другарот Ристо Џунов, член на Претседателството на ЦК СКМ. Школата работеше во три секции на теми: „Ставовите на класиците на марксизмот за политиката, основните карактеристики и поимот за политиката"; „Поопштествувањето на политиката во самоуправното општество" и „Местото и улогата на општествено-политичките организации во процесот на оопштествувањето на политиката". Кореферати на темите поднесоа д-р Ѓоко Този, професор на Факултетот за безбедност, м-р Ѓорѓи Тоновски, виш предавач на Правниот факултет во Битола и м-р Мирјана Малевска, соработник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Во работата на сесијата учествуваа над 150 ученици, студенти, работничка младина, професори, асистенти и научни работници.

Учесниците посебно внимание посветуваа на некои прашања од споменатата тема, пред се, за теоретските основи на марксизмот, односно за сфаќањата и теоретската мисла на Маркс, Енгелс и Ленин, потоа за бирократизмот, плурализмот на самоуправните интереси, делегатскиот систем, како и за местото и улогата на Сојузот на социјалистичката младина во поопштествувањето на политиката.

Во својата досегашна работа и постоење Школата се афирмира